**ИНТЕРВЈУ СО ДИРЕКТОРОТ НА ПЛАТЕЖНАТА АГЕНЦИЈА ЗА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ**

# ИДНОТО ЛЕТО ПРВИТЕ ПАРИ ЗА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ОД ЕУ

Во почетокот на септември земјоделците ќе добијат парична компензација на трошоците за нафта преку Агенцијата, најавува Димовски



Една од главните мисии на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството е да овозможи поскоро да почне да се користат парите планирани со претпристапната помош на ЕУ, вели директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Тони Димовски. За да го постигне тоа, Агенцијата ќе треба да воспостави поедноставна и поефикасна комуникација со земјоделците при реализација на Програмите за парична поддршка на земјоделството и руралниот развој. Работата на Агенцијата, која е основана лани ова време, е да се грижи за субвенциите, да интервенира на пазарот на земјоделски производи, да ги реализира производствените квоти. Таа е должна да ги спроведува програмите за поттикнување на развојот на селото и да ги спроведува мерките за државна помош во земјоделство.

*** Земјоделците не ја знаат улогата на Платежната агенција. Планирате ли информативна кампања?**

- Комуникацијата со земјоделците ја почнавме во почетокот на годинава пласирајќи информации, а подоцна и примајќи ги на нивните барања за парична поддршка за годинава. Земјоделците генерално се запознаени со надлежностите на Агенцијата и често не' посетуваат. Во наредните месеци, во соработка со Министерството за земјоделство, ќе ја запознаеме јавноста како заинтересираните ќе може да конкурираат за парите од претпристапната помош на ЕУ.

*** Што добиваат земјоделците од Агенцијата како поволности и што се' финансирате?**

- Платежната агенцијата е служба-сервис во функција на земјоделците и фармерите. Според својата поставеност и организираност таа нуди поефикасно администрирање и обработка на барањата за средствата од годишните програми на Владата за поддршка на земјоделството и руралниот развој, а во блиска иднина и пристап до парите од ИПА и нивно пласирање според стратегискиот документ на Владата за развој на земјоделството и руралниот развој и ИПАРД оперативната програма за периодот од 2007 до 2013 година. Покрај постојниот начин на

доделување неповратна поддршка-стимулации преку националните програми, ги завршуваме подготовките за воспоставување европски систем за доделување парична поддршка во земјоделството. За реализација на проектите опфатени со ИПАРД како коинвеститори се јавуваат Европската Унија и Македонија. Механизмот за финансирање на ИПАРД проектите е креиран така што на крајот половина од вредноста на инвестицијата е вложување на апликантот, другата половина е обезбедена од буџетите на ЕУ и на Македонија во соодност три спрема еден.Парите од помошта стануваат достапни кога ќе се одобрат проектите и кога ќе се спроведат неопходните контроли.

*** Преку вашата агенција ќе се пласираат и парите од ИПАРД програмата. Треба ли претходна акредитација на Агенцијата и кои се условите што треба да се исполнат?**

- Во однос на употребата на парите наменети за ИПАРД програмата неопходно е да ги привршиме постапките за акредитацијата, а со тоа и да добиеме право за управување со парите од претпристапната помош за рурален развој на Европската Унија. Програмата се состои од две фази: домашна, односно национална и европска акредитација. Првата акредитација подразбира независна ревизорска куќа да утврди дека институциите во Македонија се подготвени да ги спроведат мерките од ИПАРД. Откако ќе ја добиеме домашната акредитација за краток период треба да почне акредитирањето од Европската комисија. Постапката на акредитирање треба да почне наесен и процесот да заврши во наредните месеци. Акредитација треба да ја добиеме во почетокот на 2009 година, кога треба да ги добиеме и првите пари.

*** Дали парите за субвенционирање и за рурален развој годинава прв пат се пласираат преку вашата агенција?**

- Агенцијата се формира во јуни минатата година. Неколку месеци по формирањето почнавме целосно да функционираме. Во април почна реализацијата на средствата планирани со програмата за парична поддршка во земјоделството за 2008 година. Еден месец потоа заврши исплатата на паричната поддршка за производителите на тутун, се финализира исплатата по мерките предвидени во првата фаза на исплата пред се' кон производителите на житни култури, овошни насади. Во тек е периодичната исплата на субвенциите за млекопроизводителите. Наскоро ќе почне исплатата на производителите на јагнешко месо, а во почетокот на наредниот месец и исплатата по новата мерка на Владата - компензација на трошоците за нафта. Паралелно внесовме и квалитет, покрај навремената исплата на субвенциите овозможивме земјоделците брзо да ја добиваат паричната поддршка на своите трансакциски сметки.

**Валентина Ангеловска**
**Фото: Маја Златевска**

Интервјуто е преземено од дневниот весник - Дневник